**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**Сектор за макроекономска политика**

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**Јули 2009 година**



**Скопје, септември 2009 година**

# РЕЗИМЕ НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## Јули 2009 година

- **Намалување на индустриското производство од 19,8% на годишна основа**
- **Годишна стапка на инфлација од -1,3% во јули**
- **Благо зголемување на берзанските цени на никелот и бакарот, намалување на цената на нафтата**
- **Годишно намалување на извозот на стоки (во евра) за 33,6% во првите седум месеци од 2009 година, со истовремен пад на увозот на стоки за 25,1%**
- **Продолжување на трендот од претходните месеци на месечен раст на извозот од 8,3% и раст увозот од 5,6%**
- **Во период јануари-јули 2009 година, вкупните приходи на Централниот буџет изнесуваат 46.167 милиони денари (11,6% од БДП), што претставува помало остварување за 5,2% во однос на истиот период минатата година, а вкупните расходи изнесуваат 51.501 милиони денари (13,0% од БДП), што е повеќе за 23,5% во однос на истиот период од 2008 година**
- **Бруто девизните резерви во јули 2009 година изнесуваат 1.393,4 милиони евра и во однос на декември 2008 година оствариja пад од 6,8% (101,5 милиони евра). На месечно ниво истите бележат пораст од 15,8%, односно од 189,8 милиони евра, во услови на нето откуп на девизниот пазар од 33,3 милиони евра**
- **Во текот на јули засновани се 23.595 нови работни односи, од кои 26% се од евиденцијата на невработени.**

## 1. Реален сектор

### 1.1. Индексот на индустриското производство во периодот јануари-јули од 2009 година забележа намалување од 13,3% споредено со истиот период претходната година.

Во јули индустриското производство забележа намалување од 1,5% споредено со претходниот месец. На годишна основа (споредено со јули 2008 година), сепак, е регистриран висок пад од 19,8%. Циклусот во кој се наоѓа индустриското производство, како и високата споредбена основа се причините за ваквата појава. Притоа, сезонското влијание се исклучува како фактор на падот на производството во јули.




Анализата на индексот на физичкиот обем на индустриското производство на годишна основа по сектори и гранки укажува дека негативните јулски резултати се должат на намалената активност во дури 18 гранки од вкупно 24 индустриски гранки. Најголемо негативно влијание врз падот на индустриското производство (6 процентни поени (п.п) од вкупниот пад од 16,2%) има намаленото производство во секторот Основни метали за 49,4%. Рударството бележи намалување од 16,6%. Пад беше регистриран особено во гранките со висока додадена вредност на готовите производи, како што е производство на други сообраќајни средства (-73,8%), производство на мебел (-6,1%) производство на електрични машини и апарати (-56,9%) и тн. Највисок раст на производството, на годишна основа, беше забележан во секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода, од 5,7% и други.

Според очекувањата на менаџерите на претпријатијата, тековната економска состојба на претпријатијата во јули 2009 година се оценува како поповолна во однос на претходниот месец. Обемот на производството на претпријатијата до пред четири месеци опаѓаше, а во последните три месеци има тренд на благ пораст.




Според менаџерите, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во јули 2009 година имаат следниве фактори: недоволната странска побарувачка (24,0%), недоволната домашна побарувачка (16,2%), финансиските проблеми (13,7%) и неизвесното економско окружување (12,3%). Оценката за очекуваниот обем на производство за наредниот период е поповолна, како и оценката за бројот на вработените во наредниот период.

Бројот на работници во индустрија во јули 2009 година во однос на истиот месец од лани е намален за 7,5%. Во секторот Вадење на руди и камен бројот на работници е намален за 11,8% на годишна основа, додека во секторот Преработувачка индустрија падот на вработеноста е 7,6%.

**1.2. Во јули 2009 година цените на стоките за лична потрошувачка, мерени преку индексот на трошоци на живот, се намалија за 1,3% во однос на истиот месец од претходната година**.




Падот главно се должи на намалувањето кај сообраќајните средства и услуги за 11,5%, исхрана 2,1%, и услуги 0,4%.

Индексот на трошоците на живот во јули 2009 година во споредба со јуни 2009 година е понизок за 0,5%.

Вредноста на потрошувачката кошница за исхрана и пијалаци за четиричлено домаќинство за јули 2009 година, пресметана врз основа на цените на мало, изнесува 11.887 денари и во однос на претходниот месец е пониска за 0,8%.

Индексот на цените на мало во јули 2009 година забележа намалување од 2,2% во однос на јули 2008. На месечна основа, цените на мало се повисоки за 0,1%.

**1.3. Во јули 2009 година на светските берзи забележано е намалување на цената на нафта.**

Во јули цената на нафтата на светската берза се намали за 5,4% во однос на претходниот месец и достигна цена од 64,91 долари за барел. Споредено со јули претходната година, цената на нафтата е намалена за 51,5%.




Во рамки на металните производи, никелот, како производ со високо учество во македонскиот извоз, забележа месечно зголемување на цената од 6,9% и достигна цена од 15.985 долари за еден метрички тон ($/мт). Цената на бакарот во јули забележа пораст од 3,7% во однос на јуни и достигна цена од 5.216 долари за еден метрички тон ($/мт), додека цената на златото во јули остана речиси непроменета во однос на претходниот месец. Стабилни останаа и цените на челикот и челичните лимови.

## 2. Надворешен сектор

**2.1. Во првите седум месеци од 2009 година вкупната надворешно-трговска размена (изразена во евра) се намали за 28,2% во однос на истиот период минатата година.**

Притоа, физичкиот обем на извозот е намален за 26,6%, а неговата вредност изнесува 1.079,4 милиони евра, што претставува пад од 33,6%. Намалувањето на увезената количина на стоки изнесува 21,1%, а нејзината вредност оствари износ од 2.062,9 милион евра, или намалување од 25,1%.

При вакви движења на извозот и увозот, дефицитот во размената остварен во првите седум месеци од оваа година изнесува 983,5 милиони евра, што претставува годишно намалување на негативното салдо на размената за 12,8% (144 милиони евра), при што најголем придонес има намалениот увоз на железо и челик и нивни производи. Ова резултираше со намалување на стапката на покриеност на увозот на стоки со извоз за 6,7 процентни поени во однос на истиот период од 2008 година, која изнесува 52,3%.




| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2008 | I - VII - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000T | 674,4 | 337,4 | -337,0 | -50,0 |
| Мил. ЕУР | 552,9 | 199,7 | -353,2 | -63,9 |
| Мил.$ | 852,6 | 268,3 | -584,3 | -68,5 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2008 | I - VII - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000T | 621,6 | 279,9 | -341,7 | -55,0 |
| Мил. ЕУР | 333,4 | 110,9 | -222,5 | -66,7 |
| Мил.$ | 515,9 | 148,9 | -367,0 | -71,1 |

*)Претходни податоци

**2.2. Главни групи производи (според СМТК)** со најголемо учество во извозот во првите седум месеци оваа година се: облека 22,9%, железо и челик 18,5%, нафта и производи од нафта 6,6%, овошје и зеленчук 5,3%, тутун и преработки од тутун 4,9%, метална руда и метални отпадоци 4,1% и пијалоци 3,7%. Овие седум групи производи сочинуваат 66% од вкупниот извоз на државата.

Најголем дел од кумулативниот увоз на стоки во седумте месеци од 2009 година отпаѓа на: нафта и производи од нафта (240,6 мил. евра, 11,7%), текстилни предива и слично (161,6 мил. евра, 7,8%), друмски возила (128,2 мил. евра, 6,2%), железо и челик (110,9 мил. евра, 5,4%), индустриски машини и делови (77,9 мил. евра, 3,8%), електрични машини и делови (69,9 мил. евра, 3,4% и друго.




| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2008 | I - VII - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000T | 207,2 | 195,8 | -11,4 | -5,5 |
| Мил. ЕУР | 123,1 | 71,4 | -51,7 | -42,0 |
| Мил.$ | 189,8 | 96,5 | -93,3 | -49,2 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2008 | I - VII - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000T | 796,1 | 813,3 | 17,2 | 2,2 |
| Мил. ЕУР | 413,5 | 240,6 | -172,9 | -41,8 |
| Мил.$ | 635,6 | 323,3 | -312,3 | -49,1 |

*)Претходни податоци

**2.3. Гледано по региони**, во првите седум месеци од 2009 година, учеството на размената со ЕУ во вкупната надворешно-трговска размена изнесува 52,3% (извоз на стоки 56,5% и увоз на стоки 52,2%). Извозот во ЕУ бележи значајно намалување од 37,9%, а увозот бележи побавен пад, од 17,1%, во однос на истиот период од 2008 година.

Во анализираниот период, 74,2% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во трговската размена со Русија, Кина, Турција, Италија, Словенија, Швајцарија, Грција, Полска САД и Австрија.

**2.4. Гледано по валутна структура**, 78,1% од надворешно-трговската размена во периодот јануари-јули од 2009 година е реализирана во евра, и во однос на истиот период минатата година претставува пораст од 4,5 п.п. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 83,3% и 75,4%, соодветно и споредено со првите седум месеци лани претставува пораст од 5,6 п.п. кај извозот, а кај увозот овој пораст изнесува 4,2 п.п.

**НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА на Република Македонија (по валути ); пресметка: МФ**

**- по валути -**

| ИЗВОЗ | I-VII 2008 | | | | | I-VII 2009 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | | |
| EUR | 1.896 | 1.263.387.586 | 61,2612 | 77.396.639.583 | 77,7 | 1.310 | 899.406.852 | 61,3465 | 55.175.462.446 | 83,3 | -363.980.734 | -28,8 |
| USD | 376 | 545.244.169 | 39,8826 | 21.745.755.095 | 21,8 | 342 | 234.493.536 | 45,6917 | 10.714.408.299 | 16,2 | -310.750.633 | -57,0 |
| EUR+USD | 2.272 | | | 99.142.394.678 | 99,5 | 1.652 | | | 65.889.870.745 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 2.276 | | | 99.595.060.524 | 100,0 | 1.657 | | | 66.250.905.155 | 100,0 | | -33,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

## 3. Фискален сектор

**3.1. Во периодот јануари-јули 2009 година вкупните приходи на Централниот буџет изнесуваат 46.167 милиони денари (11,6% од БДП), што претставува помало остварување за 5,2% во однос на истиот период минатата година.**




Даночните приходи во овој период се реализирани во износ од 40.011 милиони денари, што претставува помало остварување за 10,8% во однос на истиот период лани.

Учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во првите седум месеци од 2009 година е доминантно и изнесува 49,1%, а на акцизите 19,2%, при што, од овие два даноци се остварени приходи од 27.322 милиони денари, односно 68,3% од вкупните даночни приходи (6,9% од БДП). Гледано по одделни категории, приходите од ДДВ забележаа пад од 10,2%, приходите од данок на добивка од 43,6% (ова намалување е делумно поради изменета регулатива-од почетокот на 2009 година не се плаќа данок на нераспределена добивка), приходите од царина се намалени за 17,3%, додека приходите од персоналниот данок се зголемени за 2,0%, а кај акцизите растот изнесува 2,5%, споредено со истиот период лани. Неданочните приходи се зголемени за 79,6% во однос на истиот период минатата година, особено поради исплатената дивиденда од Телеком во месец мај во износ од 2.383 милиони денари.

**3.2. Во овој период од 2009 година вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваат 51.501 милиони денари (13% од БДП), што е повеќе за 23,5% во однос на истиот период од 2008 година.**

Во структурата на реализираните вкупни расходи тековните расходи (45.609 милиони денари) учествуваат со 88,6% и се поголеми за 23,1% во однос на истиот период лани, додека капиталните расходи забележуваат учество од 11,4%.

Најголеми расходни ставки се трансферите (25.838 милиони денари), а втори по големина се платите и надоместоците (12.221 милиони денари). Во вкупните расходи на Централниот буџет, расходите за плати и надоместоци во овој месец учествуваат со 23,7% и во однос на истиот период лани се зголемени за 10,9%.

Расходите за стоки и услуги се извршени во износ од 6.467 милиони денари, односно имаат поголемо остварување во споредба со 2008 година за 12,7%.

Во делот на трансферите во овој период се потрошени 35,2% повеќе средства (6.730 милиони денари) споредено со истиот период 2008 година и претставуваат најголема расходна ставка, односно учествуваат со 50,2% во вкупните расходи (6,5% од БДП). Ваквото остварување се должи во дел и на фактот дека во дотациите до единиците за локална самоуправа се трансферира дел од данокот на додадена вредност, а се зголемува и бројот на единици за локална самоуправа кои преминаа во втората фаза на децентрализација, при што се исплаќаат блок дотации на 68 општини за финансирање на пренесените надлежности (средства за исплата на плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи и материјалните трошоци). Исто така, значаен дел од средствата за трансфери се наменети за субвенции во земјоделството. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 7.282 милиони денари или за 2.396 милиони денари повеќе (49,0% зголемување).

Каматите се реализирани во износ од 1.083 милиони денари, што е помалку за 9,6% во споредба со истиот период 2008 година.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи изнесуваат 5.892 милиони денари, што претставува зголемување од 21,9% во споредба со истиот период 2008 година и претставуваат 1,5% од БДП.

**3.3. Оттука, во периодот јануари- јули 2009 година остварен е дефицит на Централниот Буџет од 5.334 милиони денари (1,4% од БДП), додека дефицитот на консолидираниот буџет изнесува 5.281 милиони денари и претставува 1,3% од БДП.**

## 4. Монетарен сектор

**4.1. Во јули 2009 година примарните пари[1] забележаа раст од 4,3% на годишна основа (пад од 4,7% во јуни) во услови на пораст на вкупните ликвидни средства на банките, од 17,2% и намалена побарувачка на готовите пари во оптек за 8,6%.**

На месечна основа, примарните пари забележаа силен раст од 12,9%, што се должи на порастот на вкупните ликвидни средства на банките од 17,3% и зголемување на побарувачката за готови пари со засилен раст од 7,7%.

[1] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек, готовината во благајна и сметките на банките вклучително задолжителната резерва на девизните депозити

Во јули 2009 година, во услови на тендер на износи, каматната стапка на благајничките записи е иста како во јуни и изнесува 9%.

Каматните стапки на државните хартии од вредност изнесуваат: 8,65% за три месечните државни записи, 5,25% за шест месечните државни обврзници и 5,7% за дванаесет месечните.

Беа одржани вкупно 3 аукции, во услови на тендер со каматни стапки за тримесечните и шестмесечните државни обврзници и тоа: една аукција за тримесечните државни записи, една аукција за шест месечните државни записи и една аукција за дванаесет месечните.




**4.2. Вкупниот депозитен потенцијал на недржавниот сектор[2] во јули за прв пат по шест години континуиран раст, забележуваат пад од 0,1% на годишна основа (раст од 2,1% во јуни 2009 година).**

**На месечна основа вкупните депозити регистрираат пад од 1% (пораст од 0,8% во претходниот месец), како резултат на намалување на вкупните депозити на претпријатијата, додека девизните депозити на претпријатијата оствариja пораст (8,7% на месечна основа).**

Во јули 2009 година денарските депозити бележат пад од 5,5% на месечно ниво, додека девизните депозити оствариja раст од 3,4%. На годишно ниво денарските депозити забележаа пад од 17,5%, додека девизните депозити оствариja пораст од 20,7%.[3]

Од аспект на секторската структура депозитите на корпоративниот сектор бележат пад од 5,6% на месечно ниво, додека заштедите на населението регистрираат раст од 1,8%. Во однос на минатата година депозитите на населението се повисоки за 11,8%, додека депозитите на приватните претпријатија се пониски за 27,6%.

**4.3. Во јули 2009 година се забележуваат знаци на стабилизирање на кредитниот пазар (по двомесечното стеснување на вкупното кредитно портфолио на банките), така што вкупните кредити кон приватниот сектор се зголемени (0,3%). Месечниот раст на кредитите од 0,3% произлегува главно од зголеменото кредитирање во корпоративниот сектор, како и од благото зголемување на девизните кредити. Во однос на минатата година кредитниот раст бележи понатамошно забавување и изнесува 11,2% (наспроти 14,3% во јуни 2009 година).**

Месечниот раст на кредитите на претпријатијата во јули изнесува 0,4% (наспроти падот од 1,1% во јуни), а кредитите кон населението регистрираа ист раст како и претходниот месец од 0,2%. На годишна основа, пласманите кон населението и претпријатијата се зголемија за 12,7% и 10,2%, соодветно.

Од аспект на валутата, денарските кредити (кои ги вклучуваат и кредитите со валутна клаузула) бележат забавен пораст од 12,9% на годишно ниво. Девизните кредити бележат раст од 5,7% на годишна основа. Во однос на

[2] Вкупниот депозитен потенцијал ги вклучува немонетарните и квази депозитите
[3] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

минатиот месец денарските пласмани се повисоки за 0,4%, додека девизните кредити бележат раст од 0,1%.

**4.4. Во јули 2009 година просечната пондерирана каматна стапка на денарските кредити е поголема за 0,1 п.п. од стапката во месец јуни и изнесува 10,2%.** Просечната каматна стапка на девизните кредити е пониска за 0,1 п.п. од стапката во минатиот месец и изнесува 7,6%. Во однос на минатата година се забележува затегнување на каматните услови на банките, односно просечната каматна стапка на денарските кредити остварува раст од 0,4 п.п. Идентично е и зголемувањето на каматната стапка на девизните кредити односно од 0,4 п.п. на годишна основа. Меѓу банките, анализирано според големината, големите банки имаат најниска пондерирана активна каматна стапка, 9,8% за денарски и 7,1% за девизни кредити. Пасивната каматна стапка на денарските депозити во јули 2009 година е повисока за 0,4 п.п. од стапката во претходниот месец и изнесува 7,2%, додека на годишна основа истата бележи зголемување од 1,3 п.п. Просечната каматна стапка на девизните депозити е на исто ниво од претходниот месец и изнесува 3,3%, а на годишна основа бележи пораст од 1,0 п.п.

**4.5. Бруто девизните резерви во јули 2009 година изнесуваат 1.393,4 милиони евра и во однос на декември 2008 година оствbooking пад од 6,8% (101,5 милиони евра). На месечно ниво истите бележат пораст од 15,8%, односно од 189,8 милиони евра, во услови на нето откуп на девизниот пазар од 33,3 милиони евра.** НБРМ преку девизните трансакции вршеше креирање на ликвидни средства.

## 5. Социјален сектор

**5.1. Во периодот јануари-јули 2009 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија се регистрирани вкупно 141.179 засновани нови работни односи. Од вкупниот број новоработени 48,7% се однесуваат на неопределено време, додека останатиот дел се однесуваат на определено време и вршење сезонски работи. Споредено со истиот период од минатата година се забележува зголемување на бројот на засновани нови работни односи за 16,3%.**




Само во текот на месец јули засновани се 23.595 нови работни односи, од кои 26% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од Регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во јули изнесува 15.358, од кои 39,3% претставуваат нови засновани работни односи. Како прилив во Агенцијата се регистрирани 8.512 лица, од кои 53,7% се лица на кои им престанал работниот однос. **Резултатот е намалување на невработеноста за 6.846 лице, односно за околу 2% во однос на претходниот месец. Така, во јули 2009 година бројот на невработени лица изнесува 340.776.**

Од вкупниот број евидентирани невработени лица, 68.221 лице (20%) се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување, додека останатиот дел активно бараат работа.

Споредено со истиот месец од минатата година, бројот на невработени лица е намален за 1,4%.

Најголем дел од невработените, односно 66% се од урбани средини (градско население), додека 57,8% се мажи. Анализирано според степенот на образование поголемиот дел, односно 52,8% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека 7,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасните групи, најголемиот дел или 59,8% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години.

**5.2. Во јули 2009 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 273.078 пензионери, што претставува годишно зголемување од 0,07%. Бројот на корисници на пензија е зголемен за 361 лице во однос на претходниот месец.**




За исплата на пензии во месец јуни се потрошени 2.650,15 милиони денари, што претставува 51,9% од вкупните социјални трансфери во владиниот Буџет.

Во јули 2009 година вредноста на просечната пензија изнесуваше 9.870 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 4,1%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јуни 2009 година (последни расположиви податоци) изнесуваше 49,2%.

**5.3. Просечната месечна нето плата во периодот јануари-јуни 2009 година (последни расположиви податоци) споредена со истиот период од 2008 година бележи номинален раст од 27,7%, додека реално просечната плата е повисока за 27,6%.**




Во јуни 2009 година просечната нето плата по вработен изнесуваше 20.070 денари, што на годишна основа претставува номинален раст од 27,4%, додека реалниот раст изнесува 29,6%. Процентот на вработени кои не примиле плата во јуни 2009 година изнесува 4,6%, што е за 4,3% помалку во споредба со истиот месец претходната година.